Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на Општина Василево ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
за социјална заштита во Општина Василево за 2022

ВОВЕД

Во насока на подобрување на условите на локално ниво во сверата на социјалната заштита, општина Василево прави напори да во рамките на своите можности да се вклучи посеофтно и порганизирно во решавање на проблемите кои произлегуваат од оваа тематика. Појдовна основа за тоа е Законот за социјална заштита и ингеренциите кои произлегуваат од него, односно во делот на создадените обврски кон општините да организираат и обезбедат социјална заштита согласно специфичните потреби за социјалната заштита за своите граѓани. . Согласно постојниот Закон, општина Василево во рамките на своите можности и во зависност од потребите на граѓаните ја планира и организира и спроведува социјална заштита на граѓаните од своето подрачје преку донесување сопствени развојни програми согласно со специфичните потреби.

ЦЕЛИ

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик.
Целни групи кои ке бидат опфатени со Програмата со социјална заштита се сите граѓани од општина Василево кои во моментот на своето живеење и делување биле зафатени или погодени од одредени социјални ризици.

ПРИОРИТЕТИ

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на општина Василево во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

-создавање на услови за помагање на деца на улица (деца без родители и родителска грижа);
-помош за лица со инвалидност;
-помош за деца со воспитно-социјално проблеми;
-помош за деца со пречки во менталниот и телесниот развој;
-помош за деца од еднородителски семејства;
-помош на лица-жртви на семејно насилство;
-помош на лица изложени на социјален ризик;
-помош на лица засегнати со злоупотреба на алкохол и дрога;
-помош на стари лица без семејна грижа;

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остваруваат својата социјална сигурност и кога се во исклучително тешка состојба

АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Општина Василево според бројот на населението од последниот попис во 2002 година брои 12 121 жители со 15-ет населени места.

За да се изработи социјална карта на граѓаните на општина Василево потребни се подолгорочна анализа на социјалните ризик фактори, што во моментот не сме во можност да го направиме. Општината се уште не располага со свои податоци и евиденција за сите социјални категории на своето подрачје и работи само со подесени одредени барања од оваа област.За порганизирана социјална заштита ги кориситме податоците од Проектот Заедно сме посилни во кои беа опфатни четри категории на социјално ранливи групи.
Проектот се реализираше за потребите на Општината со цел да се утврдат најзастапените социјално ранливи категории на теренот на општина Василево.

Најзастапени од социјално ранливите категории на групи се:

- стари лица без семејна грижа;
- деца со посебни потреби;
- лица со телесна попреченост;
- деца со еднородителски семејства;.

Од наведените категории најзастапени се стари лица без семејна грижа.
Според потребите на социјално ранливите категории се еведентирани следниве потреби:

Р.Бр,	социјално ранливи категории	потреби	%
1.	стари лица без семејна грижа	-потреба од посета на лекар во домашни услови -нередовност во снабдување на храна и лекови -неможност за одржување хигена во својот дом -чуство на осаменост и отфрленост -минимални пензии	1,84
2.	лица со телесна попреченост	-постојани примателина социјална парича помош -многу малку има запослено лица од оваа група и покрај сите услови кои ги нуди држават,запослувањето на ваквите лица е многу малку	0,87
3.	деца со посебни потреби	-обезбедени со социјална парична помош -потреба од дополнителни услуги	0,20
4.	деца со еднородителски семејства	- не обезбедени со доволно финансиски средства	0,02

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Финансиските средства потребни за релизација на Програмата за потребите на граѓаните од областа на социјална заштита во Општина Василево за 2022 година, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Василево за 2022 година.

Вкупно обезбедени финансиски средства:

-од Буџетот на општина Василево ----------770 000 денари.

Овие финансиски средства ќе се користат за категориите на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка состојба и во специфични услови и тоа:

1. Лица со телесна попреченост ----------од 1000 до 3000 денари
2. Деца на улица (деца без родители и родителска грижа-- од 1000 до 3000 денари
3. Деца со посебни потреби ---------- од 1000 до 3000 денари
4. Деца со воспитно-социјални проблеми---------- од 1000 до 3000 денари
5. Деца од еднородителски семејства ---------- од 1000 до 3000 денари
6. Лице изложени на социјален ризик ---------- од 1000 до 3000 денари
7. Стари лица без семејна грижа ---------- од 1000 до 3000 денари
8. Лица со здраствени проблеми ---------- од 1000 до 3000 денари
9. Лица погодени од елементарни непогоди ---------- од 1000 до 3000 денари

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши Градоначалникот на општина Василево, секое барање поединачно и средствата ќе се уплаќаат на трансакциска сметка на граѓанинот.

Програмата за социјална заштита за 2022 година ќе се реализира со следната динамика, потребните средства и начинот на обезбедување на истата:

Р. бр	Активности	Период	Носител	Обезбедување на средства			Вкупно
				МТСП	Општина	Донации	
1.	Помош на ранливи групи	12 м.	Општина		340 000		340 000
	1.1 Елементарни непогоди						100 000
	1.2 Клубови за стари лица						110 000
	1.3 Вршење превоз на храна за народна кујна						50 000
	1.4 Деца од еднородителски семејства						30 000
	1.5 Лица изложени на социјален ризик						50 000
2	Лица со посебни потреби	12 м.	Општина		190 000		190 000
	2.1 Лица со телесна попреченост						50 000

	2.2 Подобрува. на услови за живот						100 000
	2.3 Посета на семејства и установи						40 000
3	Услуги на ранливи групи	12м.	Општина		240 000		240 000
	3.1Лица со здраствени проблеми						230 000
	3.2 Трибини за семејно насилство и малолетнничка деликвенција						10 000

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмат за социјалната заштита на Општина Василево за 2022 влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Василево”

Бр.08-1747/1 Совет на Општина
14.12.2021г. Василево
Ристо Делијанов